ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОМЕНИ (ЦУП) ОБЈАВУВА

Оглас за ангажирање на:

Одговорен за односи со јавноста

Граѓанската организација „Центар за управување со промени (ЦУП)" е непрофитна, невладина организација која промовира разбирање и ненасилни промени во општеството. Организацијата се фокусира на меки мерки и политики кои им помагаат на различни ентитети да ги прифатат промените во општеството како нормални ситуации и да ги претворат во позитивни резултати. Организацијата верува дека зајакнувањето на капацитетите на јавната администрација, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата, евро - интеграцијата и инвестирањето во луѓето се главни агенти за промена во општеството.

Огласот за ангажирање е за потребите на заедничкиот проект на Центарот за управување со промени и Институтот за човекови права насловен како „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права". Проектот е финансиран од Европската Унија преку програмата за поддршка на граѓанскиот сектор во рамките на слободата на медиумите за 2014 година. ЦУП бара етични, мотивирани и креативни личности кои ќе се придружат на нејзиниот тим, кој верува во демократија и отворени идеи и ги базира своите проекти на методот: планирај, реализирај, провери и делувај.

1. Одговорен за односи со јавноста (*PR Officer*)

Личноста одговорна за односи со јавноста треба да има широко познавање од комуникации; да знае како функционираат медиумите; да го разбира значењето на стратешкото планирање; да биде личност сензитивна на мултикултурализам; да има способност за добро пишување, како и аудио - визуелни вештини. Лицето ќе биде ангажирано со 30% од работното време.

Работни задолженија:

- Планирање на кампањи и стратегии за односи со јавноста
- Следење на јавното мислење и медиумите

- Застапување на организацијата на настани како што се: прес-конференции , отворени денови и спонзорство
- Пишување и уредување на интерни списанија, студии, говори, статии и годишни извештаи
- Подготовка и надзор на издавање на студии, брошури, летоци , промотивни видеа , фотографии, филмови и мултимедијални програми
- Одржување и ажурирање на информациите на веб - страницата на организацијата
- Управување и ажурирање на информациите и комуникација со корисниците на социјалните медиуми како што се Фејсбук, Твитер , ЛинкедИн и други
- Организирање и медиумска поддршка на кампањи за спонзорство
- Негување на односите со заедницата преку настани како што се отворени денови и учество во иницијативи на заедницата

Потребни квалификации:

- Магистратура од областа на студиите по комуникации, новинарство, политички науки и меѓународни односи
- Одлично познавање на говорен и пишуван англиски јазик
- Работно искуство од најмалку три години во соодветната област
- Возачка дозвола Б2
- Познавање на албанскиот јазик се смета за предност

Заинтересираните кандидати, за наведената позиција , треба да ја доставаат својата апликација исклучиво по електронска пошта на следната адреса: cupskopje@gmail.com. Апликацијата се смета за потполна доколку содржи: 1) Писмо на мотивација и 2. Биографија (CV во ЕУ формат). Крајниот рок за аплицирање е 25.03.2016. Апликациите пристигнати по крајниот рок, нема да бидат префатени. Кандидатите кои влегле во потесен избор, ќе бидат поканети на разговор.

Проектот е финансиран од Европската Унија